# ALTERNATIVE MEASURE PROBATION IN THEORY AND PRACTICE

**Toshe Panov**
MIT – University – Skopje, North Macedonia, adv.tosepanov@gmail.com
**Mevledin Mustafi**
International Slavic University Gavrilo Romanovich Derzhavin Sv.Nikole, North Macedonia,
mevledin_mustafi@hotmail.com

**Abstract:** Probation is alternative measure that has immediate purpose consist of avoiding the sentence for criminal responsible perpetrators of minor crimes, when it is not necessary due to criminal-legal protection, and indirect purpose of this alternative measure is to achieve the purpose penalization, by warning, by threat of penalization. The essence of probation as an alternative measure to punishment is focused on warning with the threat of effective punishment. This paper has a purpose to explain from a theoretical point of view the reasons why this measure arose in the criminal justice systems and in which countries the probation was first introduced, to explain the role of the probation in the system of penalization in our criminal legislation, to explain the purpose of pronouncement of this alternative measure, the elements of which is consist and when this measure is used. Also, the purpose of this paper is, from a practical point of view, to determine if and to what extent our courts revoke the probation, having in consideration that the probation is not covered by the Law on Probation, and our courts pronounce judgments with probation. Materials and methods: The statistical data were taken from the State Statistics Office of the Republic of North Macedonia.Results: for the period from 2020-2022 a total of 9633 alternative measures were imposed.
Deduction: In relation to the judgments with an effective measure of imprisonment, the number of alternative measures of probation is high, and that percentage is about 40% of the total number of sentences with an effective measure. Therefore, special attention should be considered to the imposition of the alternative measure probation.
**Keywords:** alternative measures, probation, probation with protective supervision, revocation of probation.

# АЛТЕРНАТИВНАТА МЕРКА УСЛОВНА ОСУДА ВО ТЕОРИЈАТА И ПРАКСАТА

**Тоше Панов**
МИТ Универзитет - Скопје, РС Македонија, adv.tosepanov@gmail.com
**Мевледин Мустафи**
Меѓународен Славјански Универзитет Гаврило Романович Државин Св.Николе, РС Македонија,
mevledin_mustafi@hotmail.com

**Апстракт:** Условната осуда е алтернативна мерка која има непосредна цел која се состои во избегнување на казната за казнено одговорните сторители за полесни дела, кога тоа не е неопходно заради казненоправна заштита , а посредната цел на оваа алтернативна мерка е да се оствари целта на казнувањето, со предупредување со закана на казна.Суштината на условната осуда како алтернатива на казната е концентрирана врз предупредувањето со закана на ефективна казна. Овој труд има за **цел** од теориски аспект да ги објасни причините заради кои оваа мерка настанала во кривичноправните системи и во кои држави најпрво е воведена условната осуда, да ја објасни улогата на условната осуда во системот на казнувањето во нашето кривично законодавство,да ја објасни целта на изрекувањето на оваа алтернативна мерка,елементите кои ја сочинуват и кога се користи оваа мерка.Исто така целта на овој труд е и од практичен аспект да утврди дали и во колкав обем нашите судови ја отповикуваат условната осуда, имајќи во предвид дека условната осуда не е опфатена со Законот за пробација, а нашите судови изрекуваат пресуди со условната осуда. Материјали и методи:Статистичките податоци се превземени од Државниот завод за статистика на Р.С.Македонија. Резултати:за периодот од 2020-2022 година вкупно се изречени 9633 алтернативни мерки.
Заклучок:Во сооднос со пресудите со изречена ефективна мерка затвор голем е бројот на изречена алтернативна мерка условна осуда и тој процент е околу 40% од вкуипниот број на изречените пресуди со кои е изречена ефективна мерка.Од тие причини на изрекувањето на алтернативната мерка условна осуда треба да и се посвети особено внимание.
**Клучни зборови**: алтернативни мерки, условна осуда, условна осуда со заштитен надзор,отповикување на условна осуда

**1. УСЛОВНА ОСУДА**

Условната осуда е одложување на извршувањето на изречената казна на сторителот на кривичното дело за одредено време и под одредени услови.Доколку осуденото лице во оставеното време не изврши ново кривично дело и ги исполни останатите услови одредената казна нема да се изврши и ќе се смета како да не било осудувано.Меѓутоа, ако стори кривично дело или не ги исполни останатите услови, условната осуда се отповикува и изречената казна се извршува.

За прв пат условната осуда е воведена во Белгија во далечната 1888 г. а потоа е воведена и во Франција во 1891 г.а потоа и во останатите европски држави. Имајки во предвид дека условната осуда од овој вид е применета воглавно во законодавствата на континентот Европа и затоа уште се нарекува ,,континентален,, или белгиско-француски систем т.н.sursis на условна осуда.

Кога го споменуваме белгиско-францускиот систем, неопходно е да го споменеме и францускиот сенатор Рене Беранже кој уште во 1884 г. го има поднесено законскиот предлог за воведување на условната осуда, но додека овој предлог започна да се разгледува во францускиот парламент Белгија ја озваничи оваа идеја и во 1888 г, ја воведе условната осуда.Дури во 1891 г. во Франција е донесен Закон за олеснување и отежнување на казната кој во теоријата е познат како Беранжеов закон.

Во Англосаксонските земји нешто порано е воведена слична установа под назив ,,probation,,(проверување) и тоа во САД прво за малолетници во 1868, а потоа и за возрасни и тоа прво во државата Масачусетс, а потоа и во Англија во 1887.

Во теоријата малку порано и тоа во 1841 г.како човек кој првобитно во практиката барал да се примени условна осуда се споменува е американецот Џон Аугустос имотен чевлар од Бостон кој се интересирал за положбата на пијаниците и на проститутките во смисла на тоа како тие постапуваат во судовите, посебнон во судот во Бостон.Тој прв понудил гаранција за едно лице-пијаница кој ветил дека во иднина нема да пие, ако судот не го затвори.Судот ја прифатил гаранцијата и кога овој го исполнил условот, односно престанал да пие судот го казнил само симболично со еден цент, а Аугустос понатаму продолжил да дава гаранции и за други престапници.

Спрема пробационот кој го претставува англосаксонскиот систем на условна осуда, на сторителот на кривичното дело се одлага изрекувањето на казната под одредени услови, но му се одредува надзор за извесно време од страна на одредени органи кои водат грижа за неговиот живот и работа и му ја пружаат потребната помош околу неговата преадаптација.

Во што се состои разликата помеѓу континенталниот (белгиско-францускиот) и англосаксонскиот систем на условната осуда.?

Разликата помеѓу овие два система на условната осуда се состои во тоа што по континенталниот систем се суди за сторено кривично дело и се донесува пресуда, па се одлага извршувањето на изречената казна под одредени услови , но без одредување на заштитен надзор над условно-осуденото лице.

За разлика од континенталниот, според аглосаксонскиот систем на сторителот на кривичното дело не му се суди, туку изрекувањето на казната се одлага за ова, под одредени услови, но се одредува заштитен надзор на сторителот на кривичното дело.

Англосаксонскиот систем е поповолен за сторителот затоа што според него не доаѓа до осуда и изрекување на казна, а заштитниот надзор му помага околу неговото оспособување за да биде корисен за општеството.

Меѓутоа, Англосаксонскиот систем има недостаток, затоа што во случај на отповикување на пробационот изрекувањето на пресудата се врши отежнато,затоа што доказите со протекот на времето не се свежи и непосредни.

Белгиско-францускиот систем има добра страна, затоа што во случај на отповикување на условната осуда постои веќе изречена осуда која е изречена врз основа на свежи докази.Недостатокот на белгиско-францускиот систем е во тоа што сторителот на кривичното дело за време на траењето на условната осуда се смета како осудено лице.

Во поедини држави на Европа се применува Мешовит систем кој претставува комбинација на добрите страни на континенталниот-Белгиско-Француски ситем и на Англосаксонскиот систем.

Според Мешовитиот систем се одлага извршувањето на изречената казна под одредени услови , но во случај на потреба може на сторителот да му се одреди заштитен надзор.

Условната осуда првобитно настанала како замена за краткотрајната казна лишување од слобода таа после воведувањето во законодавството и праксата во некои земји покажала и други позитивни резултати.

Во нашето кривично законодавство е прифатен континенталниот систем, а во Кривичниот законик во глава четврта-Алтернативни мерки во членот 48-а ја предвидува и условната осуда како самостојна алтернативна мерка.

Основната и главна карактеристика на условната осуда е стремежот за постигнување на максимални резултати во сузбивањето на одреден вид на криминалитет со минимално ангажирање на државата. Може да се каже дека условната осуда претставува хуманизација на системот на кривичните санкции, но тоа не е причина за нејзино воведување и прифаќање во современото кривично право, туку причината на широкото прифаќање на условната осуда и честата примена е токму таа нејзина ефикасност , без некое особено ангажирање од страна на државата.

Имајки ги во предвид одредбите од Кривичниот Законик условната осуда како алтернативна мерка ја чинат следните елементи:

-утврдување на казната со судска пресуда

-одлагање на нејзиното извршување за определен временски период кој се нарекува и време за проверување

-поставување на услов сторителот во тој период да не стори ново казнено дело и да исполни ,евентуално, други дополнителни услови.

Имајки ја во предвид одредбата од чл.49 од КЗ со условната осуда судот му ја утврдува казната на сторителот за стореното дело што значи дека го осудува на условна осуда, во која казната е само утврдена .а не и изречена. Донесувајки ја пресудата судот го определува и основниот услов, според кој казната нема да се изврши, ако осудениот за времето кое ќе го определи судот, кое време не може да биде пократко од една, ниту подолго од пет години /кое време се нарекува време на проверување/ не стори ново казнено дело. Доколку основниот услов не биде исполнет, казната која е утврдена со пресудата се извршува откако судот ќе донесе пресуда за отповикување на условната осуда. Судот со пресудата, покрај основниот може да определи и дополнителни услови како што се да ја надомести штетата, да ја врати имотната корист.

## 2. УСЛОВИ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА УСЛОВНАТА ОСУДА

Условите за изрекување на условната осуда се објективни и субјективни.

Објективните услови се поврзани за кривичното дело, односно за казната,а субјективните за сторителот.

Основниот објективен услов или формалниот услов за изрекување на условна осуда е оној со кој се одредува дека условната осуда може да се изрече кога на сторителот му е утврдена казна затвор во траење до две години или парична казна. Утврдената казна е истовремено и елемент и главен објективен услов за изрекување на условната осуда.Казната претходно се одмерува по општите правила за одмерување на казната, а потоа се одредува во конкретниот случај.

Условната осуда може да се изрече и кога е утврдена казна во траење до две години или парична казна со примена на одредбите за ублажување на казната предвидени во одредбите во чл.40,41 и 42 ст.1. од КЗ.

Нашиот Кривичен законик прави разлика помеѓу изрекување на условната осуда и утврдување на казната со условната осуда, значи се изрекува условната осуда,а не и казната, зошто кога казната би била изречена таа би морала да се изврши.

Утврдувањето на казната има три функции и тоа:

- да се задоволи формалниот – објективниот услов за изрекува ње условната осуда

-доколку дојде до отповикување на условната осуда да не мора да доаѓа до повторно одлучувасње за казната што треба да се изврши

-да се конкретизира низ конкретен вид и висина на казна заканата што и дава на условната осуда карактер на опоменувачка санкција.

Како утврдена казна е казната затвор или паричната казна

Ако на сторителот му се утврдени и двете казни тогаш условна осуда може да се изрече и за двете или само за казната затвор и во тој случај согласно чл.50 ст.4. од КЗ паричната казна ќе се изврши.

Кога судот ќе изрече условна осуда тој исто така го опредува и времето на приоверување кое време согласно законските прописи не може да биде пократко од една или пподолго од пет години Видот и висината на казната не е поврзан со времето за проверување. Судот може да утврди и казна затвор од три месеци и на сторителот да му изрече максимален рок на време за приоверување од пет години. Судот при одредување на времето за проверување се раководи од тоа дали има потреба од пократка или подолготрајна проверка на сторителот и дали тој ќе опстои на почитување на основниот услов,а тоа е да не стори ново кривично дело и дали ќе ги исполни додатните услови кое нешто зависи од оцената за личноста на сторителот.

## 3. ОЦЕНА НА ЛИЧНОСТА НА СТОРИТЕЛОТ

Се поставува прашањето од што ќе се раководи судот и како ќе го определи времето на проверување, односно како ќе завземе став и позитивна прогноза за идното однесување на сторителот. Значи, околностите на кои судот проценува на кои сторители на кривични дела оправдано ќе им изрече условна осуда и врз основа на кои ќе оцени дека во времето на проверување сторителот нема да изврши ново казнено дело треба

да бидат концентрирани врз неговатра личност. Судот при изрекувањето на условната осуда мора да се раководи од целта на условната осуда и посебно треба да ги земе во предвид личноста на сторителот, неговиот поранешен живот, неговото однесување по извршеното кривично дело, степшенот на кривичната одговорност и да ги има во предвид и сите други околности под кои е сторено делото.

Во праксата обично судовите,кога имаат намера да донесат пресуда со условна осуда, иако според наше мислење не би требало така да постапуваат, тие со пресудата утврдуваат повисока казна од заслужената.

Доколку судот и покрај тоа што ги имал во предвид сите специфичности за личноста на сторителот на кривичното дело и едноставно кажано извршил погрешна проценка, сепак на судот му стои на располагање и институтот отповикување на условната осуда кој подолу ќе ги елаборирам.

Доколку пак условно осуденото лице во времето за проверување кое му е утврдено од страна на судот не стори ново казнено дело у ги исполни утврдените додатни услови се смета за неосудуван по истекот на една година од времето за проверка ,non avenue,, ако за тоа време не стори ново казнено дело условната осуда по службена должност се брише од казненатаевиденција, рехабилитираното лице се смета за неосудувано, а подароци за бришаната осуда не се даваат никому.

## 4. ОТПОВИКУВАЊЕ НА УСЛОВНА ОСУДА

Отповикувањето на условната осуда е востановена за ситуации кога нема да се успее само со предупредување со закана за казна, затоа што осудениот во рокот на проверувањето не ги исполнил поставените услови поради што за постигнување на целите е неопходно да се примени ефективна казна.

Во случај на отповикување на условната осуда се реализира заканата со казна, т.е. заканата со казна се претвора во казна. Утврдената казна се изрекува и извршува.

Условната осуда по својата суштина е криминално-политички обид и се смета дека тој обид успеал, ако осуденото лице повеќе не врши кривични дела и ако ги исполнило останатите поставени услови, кое нешто значи дека неговото опоравање и реадаптација потполно успеала.

Доколку пак, осуденото лице ги повтори своите дејствија или не ги исполни поставените услови, се смета дека овој обид не успеал, а со тоа престанало и понатамошното оправдување на условната осуда, па затоа условната осуда се отповикува од страна на судот и се наложува нејзино извршување.

Условната осуда може да се отповика во три случаи:

1.Отповикување на условната осуда поради нови кривично дело

2.Отповикување на условната осуда поради порано сторено кривично дело

3.Отповикување на условната осуда поради неисполнување на определени обврски.

## 5. ОТПОВИКУВАЊЕ НА УСЛОВНАТА ОСУДА ПОРАДИ НОВО КРИВИЧНО ДЕЛО

Отповикување на условната осуда поради ново кривично дело е предвидено во чл.51 од КЗ.

Одредбата од чл.51 предвидува обавезно или облигаторно и факултативно отповикување на условната осуда поради ново кривично дело.

Судот мора да ја отповика условната осуда секогаш кога во времето на проверување условно осуденото лице ќе стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор од две години или во подолго траење и доколку судот не ја отповика условната осуда го повредува материјалниот закон.

Судот може, но не мора да ја отповика условната осуда-факултативно отповикување на условната осуда кога во времето за проверување условно осудениот ќе стори едно или повеќе кривични дела за кои му е изречена казна затвор помала од две години или парична казна, Во тој случај судот ги цени сите околности кои се однесуваат на сторените дела и сторителот, а особено ја цени сродноста на сторените кривични дела, нивното значење и попбудите од кои се сторени кривичните дела. Ако за делата утврдени со условната осуда и за новите дела на сторителот и за новите дела на сторителот да му се изрече казна затвор над две години, судот не може да ја отповика условната осуда.

Во случаевите кога судот ја отповикува условната осуда, применувајки ги одредбите од чл.44 од КЗ кои се однесуваат за стекот на кривичните дела тој изрекува единствена казна и за порано стореното и за новото дело притоа ја зема казната од отповиканата условна осуда како утврдена.

Доколку пак судот не ја потповика условната осуда тогаш судот за новото кривично дело може да изрече условна осуда или казна.Доколку се работи за стек на кривични дела утврдува единствена казна и за порано стореното и за новото дело и определува ново време за проверување и тоа време не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години и при тоа времето на проверување се смета од денот на правосилноста на новата пресуда.

Ако за новото дело судот на сторителот му изрече ефективна казна затвор, казната се извршува,а времето кое сторителот го поминал на издржување на новата казна,. во кое се подразбира и времето поминато на условен

отпуст, не се засметува во времето на проверување утврдено со условната осуда за порано стореното кривично дело.
Судот кој на сторителот му судел за кривичното дело сторено во времето на проверување донесува одлука за проверување на условната осуда.

**5. ОТПОВИКУВАЊЕ НА УСЛОВНАТА ОСУДА ПОРАДИ ПОРАНО СТОРЕНО КРИВИЧНО ДЕЛО**

До отповикување на условната осуда поради порано сторено кривично дело доваѓа кога судот после изрекувањето на условната осуда утврди дека осудениот извршил кривично дело пред да биде условно осуден и ако е во прашање такво дело за кое немало основ за изрекување на условна осуда да се знаело за тоа дело.Ако ја отповика условната осуда судот ќе ги примени одредбите од чл.44 од КЗ и на сторителот ќе му изрече единствена казна и за порано стореното и за новото кривично дело, земајки ја казната од отповиканата условна осуда како утврдена.

**6. ОТПОВИКУВАЊЕ НА УСЛОВНАТА ОСУДА ПОРАДИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ОБВРСКИ**

Со изрекувањето на условната осуда судот може на сторителот да му определи исполнување и на некои други обврски.Кога со условната осуда на осудениот му е одредено да врати некоја прибавена противправна имотна корист или да ја надомести причинетата штета предизвикана со извршувањето на кривичното дело или да исполни некоја друга обврска, а тој тоа не го стори во определениот рок со пресудата, сsудот може во времето на проверување да го продолжи рокот за исполнување на обврската или може да ја отповика условната осуда и да ја изрече казната која е утврдена со условната осуда. Ако судот утврди дека осудениот од оправдани причини, не може да ја исполни поставената обврска, судот ќе го ослободи од исполнувањето на обврската или ќе ја замени со друга соодветна обврска предвидена со законот.

**7. РОКОВИ ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА УСЛОВНАТА ОСУДА**

Имајки во предвид дека условната осуда е алтернативна мерка таа може да се отповика во текот на времето за проверување.Ако во тоа време осудениот стори ново кривично дело што повлекува отповикување на условната осуда,а тоа со пресудата е утврдено дури по истекот на времето за проверување, тогаш условната осуда може да се отповика најдоцна во рок од една година од денот кога изминало времето за проверување, да определи да се изврши утврдената казна во условната осуда.

**8. ЦЕЛ НА ТРУДОТ**

Овој труд има за цел од теориски аспект да ги објасни причините заради кои оваа мерка настанала во кривичноправните системи и во кои држави најпрво е воведена условната осуда, да ја објасни улогата на условната осуда во системот на казнувањето во нашето кривично законодавство,да ја објасни целта на изрекувањето на оваа алтернативна мерка,елементите кои ја сочинуват и кога се користи оваа мерка.Исто така целта на овој труд е и од практичен аспект да утврди дали и во колкав обем нашите судови ја отповикуваат условната осуда, имајки во предвид дека условната осуда не е опфатена со Законот за пробација, а нашите судови изрекуваат пресуди со условната осуда.Во сооднос со пресудиоте со изречена ефективна мерка затвор.

**9. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ**

Статистичките податоци се превземени од Државен завод за статистика-Р.С.Македонија за период од 2020 до 2022 година и истите се табеларно прикажани.

**10. РЕЗУЛТАТИ**

Статистичките податоци за видот на изречени алтернативни мерки во период од 2020 до 2022 година се прказжани во табела 1.

***Табела 1.Вид на изречени алтернативни мерки***

| години | Алтернативни мерки | Алтернативни мерки | Алтернативни мерки | Алтернативни мерки | Алтернативни мерки | Алтернативни мерки | Алтернативни мерки | Алтернативни мерки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно | затвор | Парични казни | Условна осуда со заштитен надзор | Условно прекинување на кривичната постапка | Општокорисна работа | Судска опомена | Кукен затвор | Прогласен виновен-ослободен од казна |
| 2927 2020 | 2676 | 215 | 4 | 0 | 2 | 30 | 0 | 8 |
| 3323 2021 | 2990 | 218 | 14 | 0 | 42 | 59 | 0 | 24 |
| 3383 2022 | 3050 | 146 | 46 | 0 | 91 | 50 | 0 | 26 |

(извор:Државен завод за статистика-Р.С.Македонија)

Видно од Табелата 1.е дека од страна на Основните судови во причино голем број е изрекувана алтернативната мерка условна осуда во соодност на донесените пресуди на основните судови кои се однесуваат на изречена ефективна казна затвор.

**11. ДИСКУСИЈА**

Според добиените статистички податоци во Р.С.Македонија за период од 2020-2022 година изречени се вкупно 9633 алтернативни мерки-условна осуда.Во 2020 година 2927,во 2021 година 3323,и во 2022 година се изречени 3383 алтернативни мерки.

**12. ЗАКЛУЧОК**

Според податоците кои ги имаме добиено од Државниот завод за статистика утврдивме дека државниот завод за статистика не располага со податоци колку од пресудите со кои е утврдена казна и е изречена алтернативна мерка, во конкретниот случај алтернативната мерка-условна осуда се отповикани, кое нешто упатува на заклучок дека Основните судови такви податоци не доставуваат во своите Извештаи за да може Државниот завод за статистика да го евидентира и податокот за отповикани условни осуди.Сметаме дека е неопходно потребно да се имаат и такви податоци, за да може од теориски аспект да се утврди дали судовите при изрекувањето на условната осуда како алтернатива на казната која казна е концентрирана врз предупредувањето со закана на евективната казна и дали правилно го оценил идното однесување на сторителот и стекнал доверба дека личноста на која се изрекува оваа мерка ветува дека во периодот на проверување нема да стори ново кривично дело.

Имајќи ги во предвид нотарниот факт дека во нашата држава затворите се пренатрупани, на мислење сме дека судовите треба да изрекуваат повеќе алтернативни мерки, а за нивно спроведување да се грижат пробациските канцеларии, за кој е потребно поголема екипираност и мрежно покривање за сите судови, за кое нешто е надлежно Министерството за Правда.

Ова од причина што, според податоците кој се објавени од страна на Државниот завод за статистика лесно може да се констатира дека бројот на изречените алтернативни мерки во однос на условната осуда се незначителни.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Вуковиќ, И. (2021). Кривично право –општ дел, Правен Факултет Београд
Ѓеоргиева, Н. (2022). Затвори во Европа –Графодент Скопје 2022
Игњатовиќ, Џ. (2018). Криминологија , Универзитет во Београд-Правен Факултет Београд
Игрaчки, Ј.(2020). Ефектите на затворот во ресоцијацијата на осудениот –институт за криминолошки и социолошки истражување, Београд
Кривичен Законик /Сл.весник на РМ.бр.37/96...199/14..
Камбовски, В.(2019). Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија,,Клуб Матица,,

Проевски, В. (1986 г). Кривично право општ дел НИО„Студентски збор„ Скопје
Стојановиќ, З. (2014г). Кривично Право општ дел Правен факултет Београд-правна книга Београд
Тодоровска-Гурчевска, С. (2010 г). Пенологија АБЦ Принт Скопје
Шкулиќ, М. (2022). Кривично процесно право Универзитет во Београд-Правен факултет Београд
Користени податоци од ДЗР на РСМ
Табела 1.бр./no:2.1.21.16 од 31.05.2021; бр./no:2.1.22.18 од 31.05.2022; бр./no:2.1.23.18 од 31.05.2023